ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 13/24-4
05.09 2024 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 и член 39 став 4 од Законот за судовите, член 13 и член 112 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.14 од 20.01.2022 година), на ден 05.09.2024 година, ја донесе следната:

# ***ОДЛУКА***
## ***за изменување на***
## ***ГОДИШЕН РАСПОРЕД***
## ***за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година***
## ***Су-03 бр. 13/24 од 09.01.2024, Су-03 бр. 13/24-1 од 07.02.2024, Су-03 бр. 13/24-2 од 21.05.2024 и Су-03 бр. 13/24-3 од 20.06.2024***

### Член 1

Во **Глава III Оддел за граѓански дела,**

**Точката В.I. се менува и гласи:**

„**В.I.** За претседател на Одделот за граѓански дела се определува судијата **Беса Адеми**, а за заменик се определува судијата **Шпенд Деваја.**"

**Точката В.II. се менува и гласи:**

„**В.II.** Во Одделот за граѓански дела се распоредуваат судиите:

1. **Владимир Стојаноски**
2. **Јелица Крстевска**
3. **Шпенд Деваја**
4. **Анита Бошковска**
5. **м-р Катерина Георгиевска**".

**Точката В.III. се менува и гласи:**

„**В.III. Советот за граѓански дела** ќе постапува по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3,** и ќе се формира на следниот начин:

1. **м-р Катерина Георгиевска - претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **Јелица Крстевска - член**
4. **Шпенд Деваја - член**
5. **Анита Бошковска - член**".

**Член 2**

Во **Глава IV Оддел за судење во разумен рок,**

**Точката Г.I. се менува и гласи:**

**„Г.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите:**

**1. д-р Џемали Саити**
**2. Владимир Стојаноски**
**3. Јелица Крстевска**
**4. Шпенд Деваја**
**5. Африм Фидани**
**6. Цветанка Periќ**
**7. д-р Мирјана Лазарова Трајковска**
**8. м-р Сафет Кадрии**
**9. м-р Катерина Георгиевска**
**10. Анита Бошковска**".

**Точката Г.VIII. се менува и гласи:**

„**Г.VIII.** За одлучување по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок се определува **совет од петмина судии** во следниот состав:

**1. Шпенд Деваја - претседател**
**2. Владимир Стојаноски - член**
**3. Цветанка Periќ - член**
**4. д-р Мирјана Лазарова Трајковска - член**
**5. м-р Катерина Георгиевска - член**".

**Точката Г.IX се менува и гласи:**

„**Г.IX.** Претседателот на советот судијата **Шпенд Деваја** не се задолжува со предмети.".

**Член 3**

Во **Глава VI Оддел за судска практика,**

**Точката Ѓ.II. се менува и гласи:**

„**Ѓ.II.** За Претседател на Одделот за судска практика, се определува судијата **Беса Адеми,** а за заменик се определува судијата **м-р Катерина Георгиевска.**"

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение бр. 02-1604/1 од 27.08.2024 година на Судскиот совет на Република Северна Македонија, заведено во Врховниот суд на Република Северна Македонија под Су-03.бр.550/24 од 27.08.2024 година, на **судијата Мирјана Радевска Стефкова** и се утврдува престанок на судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија на 26.08.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Согласно член 88 од Законот за судовите, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија судот ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот.

Согласно член 112 од Судскиот деловник и член 9 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Претседателот на судот го утврдува годишниот распоред за работа на судот, односно Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така, имајќи ја предвид состојбата со намалениот број на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, целта на измените на годишниот распоред е да се обезбеди понатамошно уредно вршење на работите во судот во смисла на континуирана ажурност и ефикасност, согласно законските надлежности и Годишниот план за работа.

Одлуката за изменување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија стапува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**

**Доставено до:**
- Претседателот
- Судиите
- Стручни судски службеници
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива